Архивски број: 08-57/3
15-03-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-693/1 од 30.12.2022 година, поднесена од [redacted] од [redacted] општина Новаци преку адвокат [redacted] од Битола против [redacted] од Новаци, за сторена дискриминација врз основ на семејна или брачна состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 08.02.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација врз основ на семејна или брачна состојба сторена од страна на [redacted] од Новаци врз [redacted] од [redacted] општина Новаци, во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 30.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) од страна на лицето [redacted] од [redacted] општина Новаци преку адвокат [redacted] од Битола со адреса на [redacted], поднесена е претставка за заштита од дискриминација заведена под архивски број 08-693/1.

Подносителката во претставката тврди дека од страна на претседателот на [redacted] се преземени дејствија против неа кои ги смета за дискриминаторски. Имено, тој пријавил во МВР Новаци дека подносителката не сака да ја врати носијата во друштвото, а која носија пред повеќе од десет години и е дадена за настани на ист начин како и на останатите играорци. Според неа, носиите се давале на играорците во доверба и од никого не е побарано истите да се вратат во друштвото на било каков начин и форма. По добивањето на пријавата во врска со враќањето на носијата, подносителката барала начин и форма како да ја врати носијата, со оглед дека немало пропишана форма за истото од страна на [redacted], за да биде заштитена од секакви последици од дејствувањето на претседателот на друштвото. Таа наведува во претставката дека ваквите дејствија од страна на претседателот на [redacted], биле преземани од причини што истиот бил поранешен сопруг на нејзината сестра и за кого според неа била водена и постапка за привремени мерки за заштита од семејно насилство додека траела постапката за развод на брак. Понатаму, во претставката се

наведува дека откако подносителката ја добила пријавата до МВР и барала начин за враќање на носијата, во истиот тој период на 22.12.2022 година таа добила тужба од Основниот суд Битола за враќање на носијата заведена под бр. [redacted]. Оттука, според неа ваквите дејствија на претседателот на [redacted] имале за цел да ја спречат и ограничат во остварувањето на правата и слободите поврзани со фолклорот во Новаци на еднаква основа со други играорци. Следствено, со тоа таа била лишена од било какви права под закана со неможност да ги остварува пробите со другите играорци, ниту да држи проби на помалите групи, а кое нешто го правела со години наназад. Во претставката подносителката наведува дека од наведеното таа смета дека е дискриминирана наспроти другите играорци кои имаат доверено носија од страна на [redacted], а на кои не им е побарано да ја вратат носијата, ниту се пријавени во полиција, ниту пак против некого е покрената тужба за враќање на истата или пак е спречен да ги остварува правата како играорец. Ваквата дискриминација спрема неа е сторена врз основ на семејна состојба како сестра на сопругата на пријавениот. Покрај директната дискриминација, во претставката таа наведува дека врз неа е сторено и вознемирување со што и е повредено достоинството, како и кон неа е создадена заканувачка, понижувачка и застрашувачка средина.
Кон претставката во прилог се доставени: Полномошно за адвокат [redacted] од Битола; копија од Извод од матична книга на родени за [redacted] копија од Извод од матична книга на родени за [redacted] копија од Решение од Основен суд Битола ВПП2-125/22 за делумно усвојување на привремени мерки спрема [redacted] од Новаци; копија од Покана за одговор на тужба; копија од Тужба до Основен суд Битола поднесена од [redacted] Новаци и копија од Записник за примање на поплака од МВР СВР Битола ПО Новаци.

По добивањето и разгледувањето на претставката, Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Барање бр. 08-57/1 од 11.01.2023 година до [redacted] да се изјасни за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Следствено на тоа, до Комисијата на 25.01.2023 година е пристигнат допис од страна на [redacted], со кој допис се изјаснуваат за наводите во претставката. Во дописот е наведено дека народната носија која ја поседува [redacted] е исклучива сопственост на [redacted] односно дека истата е набавена за потребите на [redacted] заради настапување на членовите на здружението на фестивали на народни игри и ора. Од [redacted] истакнуваат дека предметната носија не е набавена ексклузивно за [redacted], туку дека по потреба истата може да биде доверена за настап и на друг член на [redacted] Понатаму, во дописот се наведува дека во конкретниот случај од подносителката на претставката било побарано да ја врати носијата во [redacted] за да може истата да се употребува и од други членови на претстојните настапи. Следствено, од причини што [redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

[redacted] не ја вратила носијата, претседателот на [redacted] поднел поплака до МВР СВР Битола ПО Новаци на 26.10.2022 година, за што од ПО Новаци писмено ја предупредиле подносителката на претставката. Откако, [redacted] не ја вратила носијата и по предупредувањето, [redacted] било приморано да поднесе тужба за поврат на ствар до Основниот суд во Битола. Во дописот се наведува и дека неразбирливо е тоа што во претставката подносителката навела дека барала начин како да ја врати носијата по поплаката во МВР и дека во краток период добила тужба, од причини што согласно прилозите кон дописот може да се види дека поплаката до МВР е поднесена на 26.10.2022 година, а тужбата до Основниот суд во Битола е поднесена на 02.12.2022 година. Понатаму, се наведува дека [redacted] ја повел парничната постапка, бидејќи немале друг начин да се бара враќање на носијата. Според наведеното во дописот, со неоправданото задржување на носијата од страна на [redacted] се нарушувало функционирањето на [redacted] и се оневозможувале други членови да настапуваат на фестивали. Во дописот се истакнува дека очигледно поднесената претставка до Комисијата е реакција на тоа што против подносителката е поведена парнична постапка, бидејќи инаку таа би поднела претставка и претходно, уште пред да ја добие тужбата за поврат на ствар. Исто така, во дописот се наведува дека [redacted] не е исклучена од член на [redacted], ниту пак е констатирано престанок на членувањето, па во таа смисла од страна на [redacted] не е донесена никаква одлука со која таа се става во подредена положба во однос на другите членови. Подносителката, според наведеното во дописот, самата престанала да доаѓа на пробите на [redacted] и да учествува во други активности на здружението, иако со ништо не била спречена, а исто така, таа подолг период немала подмирено членарина, што е обврска согласно статутот за секој член на здружението. На крај во дописот се наведува дека поднесената претставка е целосно паушална и неоснована, бидејќи подносителката не е дискриминирана од [redacted] и претседателот на истото по ниту еден основ.
Кон дописот во прилог доставени се: копија од Записник за примање на поплака од МВР СВР Битола ПО Новаци; Известување од МВР СВР Битола ПО Новаци до [redacted] за извршено писмено предупредување до [redacted] и копија од Записник за примопредавање на основни средства на културно-уметничко друштво [redacted] од Новаци помеѓу [redacted] вработен во општина Новаци и [redacted] новоизбран претседател на [redacted] од Новаци.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Според член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Комисијата испитувајќи ги наводите во претставката, не ги најде за веројатни тврдењата на подносителката за сторена дискриминација по основ на семејна или брачна состојба од страна на [redacted] Новаци.

Во рамки на утврдувањето на фактичката состојба со процесно преземените дејствија, Комисијата утврди дека подносителката во ниту еден момент не го направила веројатно тврдењето за сторена дискриминација, со тоа што, меѓу другото, би направила веројатно дека не и било овозможено враќање на бараната носија, односно би приложила или укажала на одредена кореспонденција со здружението или направен обид на било каков начин за враќање на носијата. Дотолку што и од самите наоди, односно изнесени факти и околности не е прикажан начин на располагање со носиите од страна на други членови во здружението, како и дека подносителката во конкретен случај била оневозможена во пристапот до здружението. Напротив, самата подносителка на претставката со цел враќање на предметната носија, можела да ја искористи наведената организациска единица на МВР, со надлежностите кои им се на располагање да пријави настан со цел враќање на носијата или пристап до здружението, со што евентуално би имала евидентирани факти во однос на неможност за враќање на предмет или пристап до здружение во кое членува.

Следствено на тоа, Комисијата товарот на докажување, во согласност со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, не го префрли на потенцијалниот дискриминатор, од причини што тврдењата за сторена дискриминација не ги сметаше за веројатни.

Оттука, согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]и
3. Архива на Комисијата


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk